Мај 2012 Бр.127

# FOREVER
## MACEDONIA

**SUCCESS DAY**

**23.06.2012**
**Хотел „Порта“**
**почеток:**
**19 часот**






# ALOE LIQUID SOAP

## За лице и раце

Течниот сапун со алое е богат, блескав, хидратантен за лице и раце, во кој има задоволителна количина на алое. Создава богата пена која ефективно чисти, а кожата ја чувствувате чиста, мазна и свиленкаста, ја минимизира иритацијата за разлика од претходните искуства со други сапуни. Формулата „без солзи“ го прави течниот сапун со алое идеален за користење како шампон за деца, а воедно можат да го користат и возрасните.

Биоразградлив, pH - избалансиран и не-иритирачки. Тој е доволно благ за дневна нега на лицето, рацете и телото и доста погоден за лица со осетлива кожа. Достапен во пакување со пумпа кое е лесно за корисење. Овој производ со пријатна миризба е совршен за целото семејство!

**Код: #038**

***Клучни точки кои треба да се запомнат***

- Формула „без солзи“
- Хидратантно средство за лична хигиена
- Благ и не-иритирачки

# ПРОМОЦИЈА

## За купен 1 ARGI+ ќе добиете гратис 2 Aloe2Go




## За купени 4 Aloe2Go ќе добиете 5 Aloe2Go







## АКТУЕЛНИ ПРОМОЦИИ!

Дистрибутерите и Ас. Супервизорите кои ќе направат 1 бод на личен код во месец мај, ќе добијат 1 од следните подароци- кармин, сенка за очи, сјај за усни, молив за очи или молив за усни.

Супервизорите, Ас.Менаџерите и Менаџерите кои ќе направат 2 бода на личен код во месец мај, ќе добијат 1 од следните подароци- кармин, сенка за очи, сјај за усни, молив за очи или молив за усни.

Следува само по 1 производ на 1 дистрибутерски код, независно од бројот на бодови на личен код. КОЛИЧИНИТЕ СЕ ОГРАНИЧЕНИ!

## Создадете свое ремек дело

Претседател и главен генерален директор на ФЛП
**Рекс Моган**



Често сум си мислел, дека ако можевме да видиме што се крие во срцата на луѓето со кои контактираме, би имале од корен различни меѓусебни односи. Секој од нас има неограничени можности, или можеби е уште подобро да кажеме ремек дело скриено во нас, кое чека да биде откриено. Иако тоа ремек дело има различни форми, сепак тоа е тука и чека да биде откриено.

Да ги видиш можностите скриени под површината е тоа што ги одликува големите творци како Микеланџело. Неговата скулптура Давид – едно од најголемите уметнички творештва во светот, без сомнение ја покажува таа негова способност.

Историјата на ова ремек дело започнува десетлетија пред Микеланџело да ја започне работата на него. Претходно, цели 40 години многу големи творци го гледаат огромниот камен, висок три човечки боја и еден од нив дури започнал да го делка. За жал обидот му се покажал неуспешен и тој го оштетил каменот до тој степен чиниш ништо не може да го спаси. Величествениот камен останал зафрлен и напуштен неколку десетлетија. Било штета толку убав камен да биде упропастен и мнозина тоа го сметале за колосална грешка.

Тогаш младиот, едвај 26-годишен Микеланџело решил да го види. На почетокот и тој, како останатите пред него, проценил дека парчето мрамор е многу тесно и напукнато. Но загледувајќи се повнимателно, видел нешто скриено под површината. Длабоко во оштетениот камен тој забележал можности кои другите не ги виделе – слика на сила и убавина која чека да излезе на јаве.

По две и пол исцрпувачки години младиот творец ја покажал генијалната творба, изваjана од напуштениот камен. Од нешто кое другите го гледале како дефектно и несовршено, Микеланџело создал едно од најголемите ремек дела во историјата на човештвото.

Исто како и зафрлениот камен, и ние веројатно си имаме недостатоци. Можеби веќе сме пропаднале. Можеби се чувствуваме толку несовршени што не заслужуваме внимание. Без оглед какви слабости мислиме дека имаме, во секој од нас се крие ремек дело, кое чека да биде откриено.

Истото важи и за сите околу нас. Ако можеме да гледаме со очите на Микеланџело – недостатоците и слабостите кои мислиме дека ги гледаме кај другите, кај секој сретнат ќе откриваме бесценета вредност и неограничени можности.

Тоа е пораката на која сакам да помислите додека го гледате новиот филм „Инспирација" на Форевер. Самите вие и сите околу вас имате безграничен потенцијал за успеси во личниот живот и во вашиот бизнис со ФЛП. Сум видел трансформација кај илјадници луѓе кои ја зграбиле бизнис можноста, за да го променат својот и животот на блиските. Нашите производи и можности за работа се инструменти, со чија помош луѓето ги откриваат сопствените способности да создаваат совршенство.

Сакам секој од вас да го гледа филмот „Инспирација" и да ја разбере вистинската смисла.

Предавајте ја пораката на Форевер за надежта и успех на колку е можно повеќе луѓе и помагајте им да откријат што нуди компанијата. Знам дека со доволно посветеност и работа, можеме взаемно да си помагаме, за да ги претвориме необработените камења во животот во наши сопствени ремек дела.

Засекогаш Ваш,
Rex Maughan



### Драги пријатели,

Овие денови се подготвуваме за патувањето на Светското рели на Форевер во Хонконг, каде ќе бидеме заедно со најдобрите дистрибутери на ФЛП Бугарија за 2011 г. – Цветанка и Емил Бурназки. Всушност, кога ќе ги читате овие редови, ние веќе ќе го имаме доживеано овој фантастичен настан.

Истовремено го планираме и учеството на Меѓународното супер рели на ФЛП во Феникс, Аризона, каде ќе бидеме со многу квалификувани дистрибутери за тоа наградно патување. По него ќе го посетиме и Гранд Кањон - еден од највпечатливите знаменитости на светот.

Уште од сега се радуваме и на претстојните настани на Форевер во 2013-та, први од таков вид во историјата на Форевер. Глобалното рели ќе ги одведе квалификуваните до Хавајските острови-дестинација за која многумина мечтаеле. А специјалната средба на Менаџерите „Орел" ќе ги собере најдобрите од Европа, Азија и Африка на Сардинија. Зарем не е прекрасно?!

Вистинско задоволство е да си дел од оваа исклучителна компанија! Најубавото е тоа што сé што досега наброивме е достапно и може да стане дел од планот на секој од вас. Патувања кои цел живот ќе останат во вашите спомени, платени од Форевер како дополнителен стимул кон сите бонуси и премии, кои ги добивате од компанијата за работата со неа, за развивањето на вашиот бизнис и мрежа од корисници и соработници. Можеби ви се чини дека сето ова звучи преубаво, за да биде вистинито. Но тоа не само што е вистина, туку е и достижно за секого.

Работете напорно за да постигнете минимум ниво Менаџер и продолжете нагоре. Разработете си сопствена стратегија, планирајте го својот успех и грижете се за успехот на вашите долни линии и директните партнери. Бидете позитивно настроени кон сé што правите. Исполнете ги условите за Менаџер „Орел" и сите можности кои ги предлага дарежливиот маркетинг план на ФЛП ќе се отворат за вас. Сигурни сме дека ви претстојат незаборавни и среќни моменти со Форевер, а фантастичните патувања за кои ви раскажавме, ќе бидат само дополнителна награда за вложените усилби и вложениот ентузијазам.

Засекогаш Ваши,
Стефан и Тања Стаеви

# FOREVER ALOE BITS N' PEACHES

## Прекрасен начин до подобро здравје

Пијалоците со алое на Форевер се најбараните ширум целиот свет. Всушност најголемата предност е што ние сме привилегирани при изборот на производи од оваа област! Еден од нашите алое пијалоци- **Нектар од алое вера и праски** е вкусен и прекрасен- подеднакво обожуван како од младите така и од повозрасните!

Ова е извонредна комбинација од нашиот патентиран алое вера гел, со џус од сончевите калифорниски праски. Уникатна и вкусна сензација како никогаш до сега! Нектарот содржи природно и чисто, рачно пресечено алое вера, обвиткано со сок од праска и остава слатка сензација во устата. Форевер **Нектар од алое вера и праски** е одличен начин да уживате во 100% стабилизиран алое вера гел во кој има арома и концентрат од природни праски.




**Алое вера гел**: Со векови луѓето ширум светот користат алое вера поради неговите здравствени бенефиции. Тоа е добро познато по хранливите материи кои ги содржи и по своето својство на чистење и детоксикација на организмот. Со додавање на парчиња од алое во **Нектар од алое вера и праски**, Форевер има само додадено нова димензија на веќе хранливиот производ.



**Фруктоза** или **овошен шеќер** е моносахарид кој се наоѓа во многу видови храна. Природни извори на фруктоза се медот, овошјето, бобинките, лубениците и некои зеленчуци што растат во земја, кои имаат значителни количини на молекуларна фруктоза. Природната фруктоза е најлесно сварлива форма на шеќер.

**Бенефиции од праската:** Праската е исклучително богата со витамин А и калиум. Бидејќи е богата со голем број хранливи материи, рангирана е на многу високо ниво по нутритивна вредност. Праската е добра за здравјето на секој човек. Таа содржи витамин А кој може да помогне во одржување на здравјето на кожата, а исто така да додаде природна боја на пијалокот. Калиумот во праската е добар за кардиоваскуларниот систем. Тоа што праската содржи повеќе од 80 проценти вода и е добар извор на диететски влакна, ја прави добра за оние кои се обидуваат да ја намалат телесната тежина. Праската исто така обезбедува **каротеноиди**. Каротеноидите се пигменти кои му даваат на овошјето и зеленчукот богата црвена , портокалова и и жолта боја. Основната корист од каротеноидите лежи во нивниот антиоксидантен потенцијал. Каротеноидите лутеин и зеаксантин се исто така познати по тоа што го чуваат здравјето на очите.

**Нектарот од алое вера и праски** нуди многу здрави состојки-сите тие заедно спакувани во еден прекрасен вкусен пијалок. Налијте го врз мраз или измешајте го со овошен сок и уживајте во прекрасниот вкус на природата кој ви е на располагање во секое време на денот! Всушност со користење на малку имагинација и креативност, вие можете да направите вкусен шејк со нашите производи! Еве го нашиот предлог:

### Нектар од алое вера и праски со јагоди:

1 дозерка од Форевер Ванила Лајт или Ултра Лајт (ванила)
120 мл. Нектар од алое вера и праски
140 мл. млеко со ниска масленост
½ чаша свежи јагоди
кршен мраз

**Подготовка**: Ставете ги сите состојки во блендер и миксирајте додека смесата не се изедначи и сервирајте го нектарот ладен!

**УПАТСТВО: Протресете ја кантичката со Нектар од алое вера и праски пред да го ставите пијалокот во чаша. Затворен со фолијата, има рок на траење 4 години без да се чува во фрижидер. Кога фолијата ќе биде отстранета, мора да се чува во фрижидер и да се испие во рок од 2 месеци.**




# Forever Nature's 18

## сите благодети на природата во соодветна мешавина

Познато е дека кога секој орган од телото оптимално функционира, телото работи со прецизност на часовник и со максимална енергија! Но за тоа да се постигне, од огромно значење е да му се даде на телото соодветна исхрана како би се обезбедила енергијата која е од огромно значење.

Во Националниот институт за рак, нутриционистите препорачуваат дека секој маж, жена  и дете треба да конзумираат минимум 5 порции овошје и зеленчук на ден. Освен тоа што овошјето и зеленчукот се доста вкусни, тие содржат витамини и минерали кои му се потребни на телото за негово одржување во здрава и витална состојба.

Иако придобивките од конзумирањето на овошје и зеленчук се добро познати, она што е дискутабилно е изворот од каде тие се набавуваат и колку истите се органски одгледувани! За среќа со Форевер, немате потреба да се грижите за тоа. Ние сме сигурни дека вие и вашето семејство ги добивате најприродните состојки кои потекнуваат од најприродните и најчисти места. Форевер го креираше Forever Nature`s 18- соодветна мешавина од овошје и зеленчук. Тоа што го прави овој производ посебен е мешавината од  уникатни овошја и зеленчуци со висока хранлива содржина. Колку имаат појака боја овошјето и зеленчукот, толку е поголема нивната хранлива вредност. Конзумирањето овошје и зеленчук во различни бои му обезбедува на вашето тело широк спектар на корисни хранливи состојки, како што се растителни влакна, фолна киселина, калиум  и витамини А и С. Подолу во текстот се дадени бенефициите на секоја состојка од нашиот **Forever Nature`s 18**.

**Грозје:** Ресвератролот во грозјето се покажа во одржувањето на имунолошкиот систем, кардиоваскуларниот систем како и во одржувањето на здравјето на очите и нервниот систем.

**Јаболко:** Високата содржина на нерастворливи влакна му помага на дигестивниот тракт да работи без проблеми,  бидејќи дава ефект на „полни" црева.

**Банана:** калиумот кој се содржи во бананата го одржува крвниот притисок на здраво ниво, а исто така го помага задржувањето на калциум, фосфор и азот- сите тие заедно се во функција на регенерација на ткивата.

**Боровинки:** Боровинката е рангирана како број еден по својата антиоксидантна активност во споредба со повеќе од 40 други тестирани овошја и зеленчуци.

**Бозелот:**  Речиси сите компоненти на растението бозел почнувајќи од листовите, цветот, кората, стеблото, срцевината и коренот - содржат полезни материи.

**Црвена боровинка:** направените истражувања покажуваат дека соединенијата најдени во црвената боровинка може да ја инхибираат бактеријата која предизвикува чир и да го намали таложењето на бактериите во стомакот или на ѕидовите на уринарниот тракт.

**Малина:** Во малината се наоѓа елагиева киселина чија антиоксидантна активност може да помогне во неутрализирање на слободните радикали.

**Киви:** Тоа е рангирано во првите три овошја со ниска вредност на натриум и висока содржина на калиум.

**Зелка:** Таа е богат извор на витамин С, калиум, фолна киселина, железо, сулфур и растителни влакна. Сите заедно помагаат во одржувањето на чист дигестивен систем.

**Морков:** Тој е извор на витамин А, калиум и растителни влакна. Причината за неговата портокалова боја е бета каротинот, кој во организмот се претвора во витамин А и помага во одржување на здравјето на очите.

**Карфиол:** Конзумирањето на три цветови дневно од карфиолот ќе ви обезбеди 67% од дневните потреби од витаминот С.

**Целер:** Активните состојки во зелените листови, стеблото и луковичниот корен на целерот го прават да биде многу важно медицинско растение и многу корисно за целокупното здравје.

**Бабура:** Капсаицинот присутен во пиперката има моќно антибактериско својство.

Зелениот грав, зелениот лимон, сливата, магдоносот и тиквичките се останатите состојки на **Forever Nature`s 18,** бидејќи имаат витамин С и се корисни за добро варење на храната како и за здравјето во целина.

**Forever Nature`s 18** ги содржи сите горе наведени овошја и зеленчуци и е еден убав спој во форма на таблета. Четири таблети на ден се антиоксидантен еквивалент на пет порции овошје и зеленчук.

ОВИЕ ИЗЈАВИ НЕ СЕ ОЦЕНЕТИ од страна на ФДА. Овие производи не се наменети за да се дијагностицира, третира, лечи или спречува било каква болест.





# 5 Начини да го мотивираш твојот тим

Вие сте лидер на вашиот маркетинг тим. Не само вие, туку и вашиот тим ќе има корист ако вие обезбедите насоки и соодветни алатки за успех. Ќе има моменти кога вашиот тим ќе се соочи со блокади во својот бизнис и личниот живот, и во тој миг вие како лидер ќе треба да бидете нивна мотивација. Ви нудиме 5 начини како да му помогнете и да го мотивирате вашиот маркетинг тим.

## Создадете возбуда

Ништо не може да создаде поголемо задоволство од тоа да им помогнете на луѓето кои за возврат ќе ви помогнат во развојот на вашиот бизнис. Луѓето се приклучуваат поради задоволството кое им го презентирате од производите и услугите со кои работите. Тие се приклучуваат кон компанијата бидејќи веруваат во неа, во нејзините производи и можноста која им се нуди. Иако е потребно многу работа да се изгради успешен мрежен маркетинг тим, вие сепак имате можност тоа патување да го направите да биде *возбудливо* и *забавно*.

## Направете да биде забавно

Никој не сака да се чувствува мизерно додека ја реализира својата кариера. Вие сте се приклучиле во овој бизнис за да изградите нешто за себе и да им помогнете на другите исто така да успеат. Направете тоа да биде забавно за вашиот тим и потсетете ги на причините зошто тие некои работи ќе треба да ги направат и сами.



## Секогаш да бидат активни и фокусирани

Покажете им на луѓето од вашиот тим дека ги вреднувате нивните идеи и залагања. Кога ќе му дадете на вашиот тим поддршка и внимателно ќе ги ислушате, со тоа вие ќе ги поттикнете да напредуваат и да постигнат и повеќе од тоа што се очекува од нив.

## Пружете им поддршка

Иако никој не можете да го натерате со сила да го направи она што е потребно за да оствари успех, вие треба во секој момент да бидете инволвирани во активностите на вашиот тим и секогаш да им ја понудите вашата поддршка. Не ја работете нивната работа, бидејќи тоа нема да ви биде од полза ниту на вас, ниту на нив, всушност покажете им дека сте заинтересирани за нивната работа. Дајте им добар совет и препорака со што ќе можат понатаму успешно да го изградат нивниот бизнис.

## Не правете микроменаџирање

Додека сте присутни и активни во својство на лидер, никогаш немојте да се двоумите или колебате за нешто. Можете повремено да го проверите вашиот тим за да им дадете до знаење дека сте секогаш тука за нив ако тие имаат потреба од вас. Ова е нивни бизнис, а како дел од него тие исто така ќе треба да ги покажат своите лидерски способности. Ќе биде уште повозбудливо за нив доколку им покажете дека имате доверба во нив и дозволите да ви покажат колку добро ја работат својата работа. Покажете му на вашиот тим дека сте лидер и мотивирајте ги да ги исполнат нивните цели. Дајте им на луѓето од вашиот тим совет и алатки кои се потребни за постигнување на успех, но истовремено дозволете им да ги истражуваат и сопствените идеи и методи. Да се има здрав и стабилен тим значи да им се даде на луѓето слобода да си изградат сопствен бизнис на тој начин што нивните квалитети ќе дојдат до израз, а исто така да прават нешта кои се надвор од нивната зона на комфор со цел да развијат и изградат постабилен бизнис.

## Алое ден 7.04.2012 Битола







## Алое ден 28.04.2012 Струмица





FOREVER

## РАСПОРЕД НА ПРЕЗЕНТАЦИИ ПО ГРУПИ

Презентациите се одржуваат во Сала за презентации во канцелариите на ФЛП

**Секој понеделник: Мери Цајковска-Супервизор**
**Почеток: 18:00 часот**

**Секој вторник: Дејан Брсакоски-Менаџер**
**Почеток: 17:00 часот**

**Секоја среда: Вера Златковска-Менаџер**
**Почеток: 17:30 часот**

**Секој четврток: Катерина Трајчевска-Менаџер**
**Почеток:17:00 часот**

**Славица Донакова-Менаџер**
**Почеток:18:00 часот**

**Секој петок: Александар Апел - Менаџер**
**Почеток: 18:00 часот**

## Квалификации за април 2012

### Асистент Супервизори

1. Аговска Надежда – Скопје
2. Андонова Донка – Скопје
3. Богдановски Ана и Сашко – Скопје
4. Данајловска Јана – Скопје
5. Данилова Елизабета – Виница
6. Ефтимови Гордана и Гоце – Кочани
7. Иванова Стојановска Розета и Стојановски Благојчо – Кочани
8. Карамитревски Лидија и Анастас – Струга
9. Кором Ирина и Тибок – Скопје
10. Лескаровски Богослав и Мирјана – Скопје
11. Маневи Душан и Тања – Штип
12. Милески Кристијан – Струга
13. Минов Александар и Минов Илиоска Марија- Кочани
14. Николови Тања и Сашко-Штип
15. Спасовска Наташа – Куманово
16. Стојмировска Светлана - Кочани

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА ПО БРЗА ПОШТА!!!

**Како да порачате:**

Испратете ја вашата порачка по факс до ФЛП Скопје (02/2465826) или по имеил: flp@t-home.mk или на тел: 02/2465846.
Наведете ги следните податоци: име и презиме, точна адреса и телефон, вашиот дистрибутерски код, кодови и количини на производи кои ги порачувате.
По извршената уплата, испратете копија од вирманот по факс, или по имеил.
Уплатата ја вршите во корист на:
Форевер Ливинг Скопје
жиро с-ка: 200000875245639
Стопанска Банка-Скопје
Во цел на дознака наведете го бројот на фактурата кој ќе го добиете од ФЛП.
Поштарината ја плаќате лично при достава на пратката.

## Квалификации за април 2012

### ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Снежана Контра
2. Др.Роза Гелевска
3. Вера Златковска
4. Николина Ѓорѓиева
5. Славица Донакова
6. Катерина Трајчевска
7. Слафко Михајловски
8. Елена Мишевска
9. Зорка Малинова
10. Гордана Трајковска

### ТОП 10 - Вкупен обем

1. Кирил Дрзманоски
2. Слафко Михајловски
3. Др.Снежана Контра
4. Др.Роза Гелевска
5. Вера Златковска
6. Катерина Трајчевска
7. Славица Донакова
8. Николина Ѓорѓиева
9. Елена Мишевска
10. Зорка Малинова

## SUCCESS DAY

**23. 06. 2012- сабота**
**Хотел „Порта“, почеток: 19 часот**
**Влез слободен**

## Aloe Lips

Балсамот за усни со алое и јојоба, Aloe Lips, смирува, омекнува и ги навлажнува испуканите и суви усни и не дозволува појава на херпес. Заштитува дури и во најекстремните атмосферски услови.

Тој е идеална прва помош при убоди од инсекти, лесни осипи и изгореници. Со својата компактна големина лесно го собира во вашата чанта.

Ако вашите усни би можеле да зборуваат, би посакале Aloe Lips!




**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**
**www.foreverliving.com**
ул. Владимир Комаров 6б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.